Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за злоупотреба на вршење на јавна функција при распишани предвремени парламентарни избори, поднесена од подносителот --------- ------------ -----------, дополнителен заменик на министер за Министерство за ------------- -------------- - ----------------------, на 31-та седница одржана на ден 12 јуни 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12 - 1588/1 од 10.03.2020 година, за злоупотреба на вршење на јавна функција при распишани предвремени парламентарни избори, поднесена од подносителот --------- ------------ -----------, дополнителен заменик на министер за Министерство за ------------- -------------- - ----------------------" **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12 - 1588 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 1588/1 од 10.03.2020 година.

Предметот со број 12 - 1588 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 1588 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 - 1588/1 од 10.03.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од подносителот --------- ------------ -----------, дополнителен заменик на министер за Министерство за ------------- -------------- - ----------------------, за злоупотреба на вршење на јавна функција при распишани предвремени парламентарни избори.

Во пријавата се содржани наводи за пристигнати информации за злоупотреби од страна на одговорни лица на институции конкретно, за случај на распоредување на административниот службеник Јулијана Поповска, вработен во Агенција за вработување - Центар за вработување Битола, во предизборен период, без основана потреба и сериозно образложение, а спротивно на ревизија од Врховен суд, за што биле запознаени првостепениот орган кој го донел решението и второстепен орган кој одлучува по жалба. Во прилог се доставени прилог документација од административниот службеник.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата и во прилог доставената документација, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и при тоа утврдена е следната фактичка состојба:

- распоредувањето на именуваниот административен службеник, било извршено со Решение за распоредување на административен службени донесено на 24.01.2020 година, со кое лицето било распоредено на работно место, од Центарот за вработување ----------- во Центарот за вработување -------, во исто звање – Соработник за услуги за поддршка за вработување, сметано од 01.02.2020 година,

- во врска со предметното распоредување и донесеното решение за истото, по поднесен приговор од административниот службеник, била водена постапка пред соодветен надлежен орган – Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во која била донесена одлука дека приговорот се одбива како неоснован и истата и била доставена до подносителот на ден 26.02.2020 година,

- во врска со предметниот случај, од страна на административниот службеник имало и барање за заштита од вознемирување на работно место поднесено до директорката на Агенција за вработување на РСМ, како и претставка до трудовата инспекција.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај се работи за случај на мобинг - вознемирување на работно место за кој биле известени соодветни надлежни институции а по однос на наводите за прераспоредување на работно место во конкретниот случај, истото не се случило во време на изборниот процес во РСМ односно, дејствието било извршено пред објавувањето на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија со број 09-1422/2 на 16.02.2020 година .

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека не се потврдени предметните наводи за злоупотреба на вршење на јавна функција при распишани предвремени парламентарни избори, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12 јуни 2020 година под бр. 12- 1588/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК